**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН**

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН

ЗА ПЕРИОДОТ
Јануари 2022 - Декември 2023

**проф. д-р Билјана Пулеска Јанушевска**

**Скопје, Декември 2023**

**РЕКТОР,**

**--------------------------------**

**проф. д-р Билјана Пулеска Јанушевска**

**СОДРЖИНА**

1. Вовед ..... 3
2. Нормативно- правно уредување на дејноста на Универзитетот ..... 6
3. Наставно – образовна дејност ..... 12
3.1. Акредитирани програми ..... 12
3.2. Двојни дипломи ..... 17
3.3. Број на вработени и наставно-научен кадар ..... 17
3.4. Број на студенти ..... 19
3.5. Преземени активности за подобрување на наставно- образовниот процес на АУЕ- ФОН во периодот на известување ..... 26
3.5.1. Систем за обезбедување на квалитет на образовната дејност на факултетот ..... 26
3.5.2. Самоевалуација ..... 27
3.5.3. Акредитација/реакредитација на програми ..... 29
3.5.4. Евиденција за реализација на наставата ..... 30
3.5.5. Кариерен развој Евиденција за реализација на наставата ..... 31
3.5.6. Организирање на систем за дополнителна интензивна настава ..... 31
3.5.7. Реетаблирање на врските со алумни заедницата и организирање на база на податоци за Алумни на АУЕ ФОН ..... 32
3.5.8. Активности и механизми за спречување на корупција во високото образование преку ефективна антикорупциска стратегија. ..... 32
3.5.9. Облици на стручно – професионално усовршување (континуирано образование) ..... 33
3.5.9.1. Креирани програми за неформално образование ..... 33
3.5.9.1. Спроведени обуки/програми за неформално образование во периодот на известување ..... 36
4. Организирање на студентите и учество на студентите во управувањето и сервиси ..... 37
5. Научно истражувачка дејност ..... 37
6. Издавачка дејност ..... 39
7. Меѓународна соработка ..... 39
8. Финансиски извештаи за спроведени активности ..... 51
9. Активности во домен на примена на информатичките технологии ..... 51
10. Центар за кариера ..... 53
11. Соработка со стопански и нестопански сектор ..... 54
12. Свечености и други настани ..... 55

## 1. ВОВЕД

Универзитетот ФОН, индиректно произлезе од првата приватна високообразовна институција, односно од Факултетот за општествени науки (акредитиран со Решение бр.12 од 22.04. од 2003 година од Одборот за акредитација, а почна со работа со Решение бр. 12- 8244/3 од 29.12. 2003 година на Министерството за образование и наука). Во него функционираа: економска насока, правна насока и дипломатија и меѓународна политика.

Овој факултет по добиената акредитација од Одборот за акредитација со Решение бр. од 03. 06. 2005 година како и со Решение бр. 12 - 3722/1 од 21.04.2006 година од Министерството за образование и наука, прерасна во Европски универзитет со пет факултети: Факултет за економски науки, Факултет за правни и политички науки, Факултет за обезбедување имоти и лица, Факултет за применети странски јазици и Факултет за информатика,

Со Решение од 30. 03. 2007 година од Одборот за акредитација за бришење на Европскиот универзитет, тој се подели на: Прв приватен универзитет - ФОН и Прв приватен Европски универзитет.

Првиот приватен универзитет ФОН Скопје е запишан во регистерот на високо-образовни установи на Република Македонија под број 10 од 26. 03. 2007 година.

На Универзитетот - ФОН продолжија да функционираат Факултетот за правни науки, Факултетот за политички науки и меѓународни односи кој подоцна е применуван во Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство, а потоа во Факултет за политички науки и дипломатија (кој во 2019 година е споен со Факултетот за правни науки и оттогаш функционира како Факултет за правни и политички науки) и Факултетот за применети странски јазици. Според тоа, Универзитетот ФОН е еден од двата директни правни наследници на правата и обврските на дотогаш постоечкиот Европски универзитет.

Подоцна беа акредитирани и Факултетот за детективи и безбедност (2007), Факултетот за економски науки (2007), Факултетот за информатичко-комуникациски технологии (2007), Факултетот за спорт и спортски менаџмент, подоцна преименуван како Факултет за спортски менаџмент (2007), Факултетот за дизајн и мултимедија (2008) и Факултетот за архитектура (2011) кои и денес се дел од Универзитетот ФОН.

Американскиот Универзитет на Европа- ФОН е автономна приватна непрофитна високообразовна и научна институција, основана во 2003 година. Универзитетот изминативе 20 години од своето постоење, постојано инвестира во својот раст и унапредување, затоа што сме свесни дека инвестициите во образованието ги покренуваат иновациите, креираат нови вредности и преставуваат клучна алатка за трансформација. Па така, со континуираните инвестиции денес Американскиот универзитет на Европа-ФОН поставувува светски стандарди и услови за академски развој на секој поединец, ја стимулира конкуренцијата и придонесува за обликување на берзата на трудот. Како водечка високообразовна институција во приватното образование, Американскиот универзитет на Европа - ФОН, во својот состав има факултети кои вршат наставна високообразовна дејност на прв и втор циклус на студии. Дополнително, Универзитетот ги спојува знаењето и искуството, истражувањето и

практиката, мултидисциплинарниот пристап којшто го применуваме има стратешка улога во пресретнување на потребите на претприемништвото и за приспособување на студентите со промените со кои светот се соочува денес.

Визијата на АУЕ ФОН е  да се забрза напредокот на општеството со одржување на статус на најдобра етаблирана средина за учење, која континуирано го зачувува и пренесува знаењето во корист на мудроста на човештвото.

Мисијата на АУЕ-ФОН како современа високообразовна институција на посетителите им овозможува прогресивен и напреден начин на размислување, при што согласно агендата на ООН 2030, се поттикнува критичката мисла, приспособливоста, различноста и одржливоста.

АУЕ ФОН останува посветен на: успех на нашите студенти; квалитет со воспоставување на современи едукативни програми кои ги следат потребите и барањата на модерното општество; развојот на општеството; креативност која се рефлектира во нашата отвореност за нови идеи; интегритет со етичко однесување во севкупната интеракција и воспоставување на перформанси што водат до постигнување на академски и кариерни цели; и емпатија   која се рефлектира во подобрување на човековата состојба и личниот развој на нашата заедница.

Од основањето до денес, на нашиот Универзитет своето високо образование на прв и втор циклус на студии го завршиле повеќе од 10 000 студенти, што претставува бројка за почитување и доказ за остварување на заложбите на универзитетот, да обезбеди знаење верифицирано со дипломи кои се подеднакво вреднувани како во земјата, така и во странство.

Главната цел на Универзитетот во периодот на известување е да одговори на зголемената побарувачка, како регионално така и глобално, за добро обучени и компетентни  кадри конкурентни на пазарот на труд во услови на извонреден технолошки напредок, еколошки предизвици и сложени општествени прашања. Во овој динамичен пејзаж, образованието не станува само средство за постигнување на целта, туку доживотно патување на учење, критичко размислување и емпатија. Нашата цел како академски кадар е студентите да се стекнат со повеќе од добро образование, да ја зајакнат способноста за критичко мислење, да стекнат глобална перспектива и да се вклучат во општествените процеси.  Во изминатиот период се превзедоа и значителни мерки за институционална реорганизација која ќе ги подоброи сервисите за студентите.

Како носители на дејност од јавен интерес Универзитетот е посветен на одржување на култура на квалитет на високото образование, почитувајќи ја академската слобода на сите членови на нашата академска заедница. Во изминатиот период направивме значителни институционални напори за осовременување на студиските програми, адаптирана содржина и методологија за потребите на пазарот на труд; применуваме новите модели на настава; интензивно работевме на интернационализација и меѓународна соработка, и овозможивме двојни дипломи за да обезбедиме достапност на странските пазари на труд без посебни административни процедури. Меѓународната соработка е важна активност на академската заедница. Академската мобилност резултира со ново знаење и нови перспективи кои им се потребни и на општеството и на работното опкружување и важни за професионалниот и личен развој начелновите на академската заедница. Наставнио, административниот кадар и студентите има пристап

до фондовите на ЕУ од Еразмус+ Програмата К1акција за академска мобилност која се спроведува преку етаблираниот и функционален Центарот за меѓународна соработка и мобилност  со што членовите на нашата академска заедница ја искорија можноста за студиски престој на партнерски универзитет.

Во изминатиот период  преку Центарот за кариерен развој и алумни се  организираа саеми на кариера и се етаблираше алумни базата како механизам и индикатор за оцена на успешност на програмите.

Согласно член 99 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018), Ректорот е должен да поднесува годишен извештај за својата работа и работата на Универзитетот до Универзитетскиот Сенат и до основачот – Собранието на РСМ. Овој извештај се поднесува за периодпот од декември 2021 со стапување на функција в.д ректор до 30 Септември 2023 година. Во насока на сублимирање на резултатите од периодот на известување Ректорот го доставува овој извештај, со цел давање на преглед за задолжителните и опционите компоненти утврдени согласно Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на Ректорот, а кој опфаќа податоци за наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа на универзитетот, нормативните и финансиските работи, интернационализација, меѓународна и друга соработка и сл.

## 2. НОРМАТИВНО- ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

По донесувањето на новиот Закон за високото образование во 2018 година, Универзитетот, согласно законската обврска, пристапи кон подготовка и усвојување на нов Статут, со цел усогласување на работата на Универзитетот со новите законски решенија. Статутот на АУЕ ФОН беше усвоен на седница на Сенатот (објавен во Универзитетски Билтен бр. 237 од 07.07.2021 година). Согласно новиот Закон за високото образвоание и новиот Статут на Универзитетот, период по добивање согласност на Статутот од страна на Собранието на Република Северна Македонија, Универзитетот се насочи кон усогласување на интерните акти а во насока на хармонизација со законските и статутарните одредби.

Согласно статутот на Универзитетот, Тела на Универзитетот се:

- Орган на основачот (во понатамошниот текст: Совет на основачот).
- Универзитетско студентско собрание.

Органи на Универзитетот се:

- Сенат на Универзитетот;
- Ректор;
- Ректорска управа;

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, како независно тело се формира Студентски правобранител на Универзитетот.

Со нормативните акти на Универзитетот, изработени во согласност со Законот за високо образование од 2018 година се прецизирани надлежностите и одговорностите на органите на универзитетот и тоа: Универзитетскиот сенат, Ректорот, проректорите, Ректорската управа, Советот на основачот на Универзитетот, наставно-научните совети на факултетите и деканите и одговорни субјекти. Всушност, таквата организциска поставеност дава повратни резултати за степенот на реализација на секоја јасно искажана работна обврска, а со тоа и одговорноста на секој конкретен субјект.

Универзитетскиот сенат е стручен орган и орган на управување со наставно-образовниот процес универзитетот. Него го сочинуваат по еден претставник од факултетите во рамки на Универзитетот кои се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научните совети на секој факултет во рамки на Универзитетот за време од три години, со право на уште еден избор и претставници на студентите, кои се бираат од универзитетското студентско собрание за време од една година без право на реизбор. Во работата на Сенатот повремено учествуваат и проректорите. Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на Сенатот. Секретарските работи за потребите на Сенатот ги врши генералниот секретар на Универзитетот или од него овластено лице.

**Сенатот на Универзитетот** е орган на управување и стручен орган на Универзитетот надлежен за донесување на општите акти на Универзитетот и

одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност. Сенатот ги усвојува студиските програми и врши други работи. Во периодот на известување, Сенатот на Универзитетот ги донесе следните општи акти во негова надлежност:

- Стратегија за обезбедување квалитет на високото образование во АУЕ ФОН
- Правилник за обезбедување квалилитет на Американскиот Универзитет на Европа ФОН
- Измени и дополнувања на правилникот за прв и втор циклус
- Акционен план за подобрување и унапредување на системот за квалитет на Американскиот универзитет на Европа – ФОН
- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на единиците на Универзитетот.
- Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација
- Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на АУЕ - ФОН.

Во периодот на известување, до 21.04.2022, претседаваше доц. д-р Анита Глигорова, од 21.04.2022 проф. д-р Насер Етеми, а на 31.05.2023 избра нов претседавач со Сенатот на Универзитетот, проф. д-р Радица Дишлиеска Граматикова. Во периодот на известување, Сенатот на Универзитетот за генерален секретар го избра Сашо Ѓурчиновски.

За нормативно правно усогласување на наставно научната дејност на Универзитетот со одредбите на Законот за високото образование е надлежен Генералниот секретар на Универзитетот, кој во периодот на известување е задолжен да работи на следните **нацрт интерни акти** за:

- Акт за внатрешна организација и систематизација
- Правилник за плати и надоместоци
- Интерни акти за безбедност на лични податоци и услогласување со прописите за заштита на лични податоци
- Интерни акти за пристап до податоци од јавен карактер
- Акт за прибирање и обработка на податоци и начинот на анализа на податоците
- Правилник за постапка за изработка и одобрување на студиските програми за прв втор и трет циклус студии
- Акт, правила, стандарди или индикатори за квалитет на наставата
- Акт за постапка за жалба и акти за спречување на корупција
- Акт за научно истражувачка работа и индикатори за НИР
- Акт за финансирање на наставно научната и образовната дејност на Универзитетот
- Акт за учество во проекти со Акт за учество на студенти на научно истражувачки проекти
- Акт за воспоставување и функционирање на алумни системот

**Ректорот** раководи со наставно-образовниот процес на Универзитетот. Тој го претставува и застапува Универзитетот во земајта и во странство. Заедно со Ректорската управа, со Сенатот на Универзитетот и деканите на сите Факултети, и раководителите на стручните служби, во соработка со Советот на основачот го координира и контролира целокупното функционирање на Универзитетот сврзано со наставно-образовниот процес и научно истражувачката дејност, како и перманетно следење на реализацијата на целите кои произлегуваат одмисијата на Американскиот универзитет на Европа- ФОН.

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста во работата на Универзитетот и на факултетите. Во рамките на оваа одговорност тој ги контролира актите на органите на факултетите и укажува на повредите на Законот и на Статутот на Универзитетоот и енергично се залага тие да се отстранат. Тој според Статутот на Универзитетот, има право и должност да запре од извршување или да укине акт на органите на факултетите, ако смета дека не е во согласност со закон, со Статутот, друг општ акт или одлука на Универзитетот. Истовремено, тој ги насочува и координира и оперативните активности на деканите на факултетите во извршувањето на нивните наставно-научни активности насочени кон реализација на стратегијата за развој на универзитетот.

Ректорската управа на Универзитетот ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите и еден претставник на студентите. Во нејзината работа учествуваат директорот и генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување. Таа го следи изведувањето на наставнообразовниот процес и ги презема потребните административни, кооридинативни и контролни мерки за превенција и одстранување на недостатоците во работењето на одговорните субјекти, како и перманетно реализирање на визијата, мисијата и стратегијата на развој на универзитетот.

Ректорот е раководен орган на универзитетот. Во рамките на раководењетосо Универзитетот, Ректорот се грижи и го организира извршувањето на одлуките на основачот; ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорската управа; предлага свикување на седница за разгледување на прашања од надлежност на основачот; и на сенатот и ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот. Ректорот им поднесува на сенатот и на ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност. Ректорот ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство. Во периодот на известување, јануари 2022 избран е **проректор за настава**, проф. д-р Марија Ветероска, со надлежност да се грижи за обезбедување и квалитет на настава на сите циклуси на студии и академска поддршка и советување на студенти. Во периодот на известување, Ректорот и ректорската Управа во рамки насвојата надлежност на Универзитетот на Универзитетот ги донесе/предложи донесување на следните општи акти во негова надлежност:

- План за родова еднаквост
- Протокол за постапување при запишување на семестар
- Протокол за спроведување на испитна сесија

- Протокол за трансфер на студенти
- Упатство за постапување при аплицирање за запишување на студенти
- Одлука за пропишување процедура за испишување на студенти
- Акт за работата и надоместокот на овластеното лице за прием на пријави на корупција
- Одлука за формирање Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет

Врз основа на интерни конкурси и одлуката на Советот на основачот за внатрешната огранизација на АУЕ ФОН, внатрешните односи и работењето на Универзитетот, Ректорот со одлука назначи:

- Универзитетски координатор за наука и меѓународна соработка, проф. д-р Александар Чавлески
- Координатор за алумни и кариерен развој, доц. д-р Јасмина Трајкоска Наумоска
- Координатор за меѓународна соработка и глобални иницијативи, доц. д-р Марк Јанура
- Координатор за човечки ресурси, проф. д-р Ирена Ашталкоска
- Координатор за управување со квалитет и иновации, доц. д-р Анита Глигорова
- Координатор за далечинска настава, дигитизација и дигитална трансформација, доц. д-р Марко Ружин

Орган на управување со АУЕ-ФОН како приватен универзитет е **Советот на основачот.** Членови на Советот на основачот се основачот кој воедно е претседател на одборот, директорот на универзитетот и ректорот.
Во надлежност на Советот на основачот е административното управување со Универзитетот, финансирањето и логистиката на Универзитетот. Тој според Статутот нема права и обврски со кои се ограничува автономијата на Универзитетот или се ограничуваат правата и обврските на органите на Универзитетот утврдени со Законот за високо образование. Советот на основачот има обврска да се грижи за перманетно следење на финансиската состојба на универзитетот и при тоа потребно е да покажува поголема флексибилност кога се во прашање финансиските издатоци за одредени активности во рамките на наставно-образзвониот процес, како што се издавачката дејност и научно-истражувачката работа на универзитетот.
Советот на основачот ја уредува генералната политика на Универзитетот; и ја одобрува програмата за развој и за работа на Универзитетот. Во надлежност на Советот на основачот е да се грижи за обезбедување на финансиски и материјални средства неопходни за вршење на дејноста на универзитетот и да дава согласност за финансирање на постоечки и нови единици на Универзитетот, студиски програми и проекти на Универзитетот. Советот одлучува за располагање со приходите на Универзитетот, врши надзор над материјално -

финансиското работење на Универзитетот; и одлучува за користење на имотот и за финансирање на дејноста на Универзитето. Во надлежност на советот е актот за организација, внатрешните односи и работењето на Универзитетот и актот за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на Универзитетот. Во таа смисла, прашањата за внатрешна организација и систематизација на работните меска како и финансиските работи се во надлежност на советот на основачот.

Во декември 2021, Советот на основачот со одлука на седница на Советот ја утврди внатрешната огранизација на АУЕ ФОН, внатрешните односи и работењето на Универзитетот (Органограм на Американкиот универзитет на Европа - ФОН;) и донсе Одлука за трошоците за студирање и услуги на административно техничката служба.

**Директорот на Универзитетот** се грижи за извршување на одлуките на Советот на основачот. Тој во основа е одговорен за логистичкото обезбедување, за работата на админситративните служби и за работата на помошниот персонал на Универзитетот, редот и дисциплината на Универзитетот, исполнувањето на финансиксите обврски од страна на студентите, за студентскиот стандард и сл.

**Наставно-научните совети** (во натамошниот текст ННС) се стручни органи на факултетите. Нив ги сочинуваат професорите, вишите предавачи и претставници на студентите. Работат на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно а по потреба и повеќе пати. На седниците се разгледуваат и се одлучува за сите прашања од нивна надлежнст пропишана со одредбите на Закнот за високото образование.

**Деканите** се раководни органи на факултетите. Тие се одговорни пред Ректорот за целокупното работење на факултетот со кој раководат. Имаат обврска да го организираат, да го насочуваат работењето на факултетот и да го следат степенот и квалитетот на на функционирањето на факултетот. Деканот е должен најмалку еднаш годишно до ННС и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. За својата работа одговараат пред ННС на факултетот, пред Ректорот и Ректорската управа.

Конкретните механизми кои овозможуваат следење и контрола на сите активности на факултетите се краткорочната и долгорочната програма за работа на факултетот, како и годишниот извештај за работата на деканот, односно на факултетот што деканите се должни да го поднесуваат пред ННС на Факултетот секоја учебна година.

Плановите и програмите на факултетите и на Универзитетот во целина се реализираат во потполност и на време.

Актуелната нормативна рамка на која се одвива високообразовниот процес се:

- Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018);
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10);

- Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација;
- Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12);
- Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прviот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр.25/11);
- Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/13);
- Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на РМ “ бр.154/2010),
- Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на РМ “ бр.84/09)
- Правилник за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста („Службен весник на РМ “ бр.148/13)
- Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/09 и 120/10)
- Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава („Службен весник на Република Македонија “ бр.71/09 и 120/10)
- Закон за признавање на професионалните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10)
- Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност („Службен весник на РМ “ бр.65/13)
- Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија “ бр.46/08, 103/08, 24/11 и 80/12)
- Статут на АУЕ ФОН [1]
- Општите акти[2]

[1] 237-07.07.2021.pdf (fon.edu.mk)
[2] Акти - AUE-FON

## 3. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 3.1.Акредитирани програми

Процесот за изработка на елаборати за акредитација на студиски програми е започнат со Одлука за формирање на координативно тело за координација на комисиите за подготовка на елаборати за нови студиски програми, донесен од Ректорската управа на АУЕ - ФОН, решение бр. 08-852/4 од 28.06.2021. До Агенцијата за квалитет во високото образование - Одбор за акредитација на високото образование, беа доставени вкупно 34 елаборати за (ре) акредитација на студиски програми од прв и втор цикус:

1. **Економски факултет**
   I. прв циклус студии
      1. Деловна економија, насока Бизнис менаџмент (Дипломиран економист - Бизнис менаџмент Bachelor of economics – business management)
      2. Деловна економија, насока Маркетинг (Дипломиран економист- маркетинг Bachelor of Economics- Marketing)
      3. Деловна економија, насока Финансии (Дипломиран економист – финансии Bachelor of Economics – finance)
      4. Спортски менаџмент (Дипломиран менаџер во спортот Bachelor of sport management)
   II. втор циклус студии - специјалистички
      1. Деловна економија, насока Бизнис менаџмент (Специјалист по бизнис менаџмент Specialist (Spec.) in the field of business management)
      2. Деловна економија, насока Маркетинг (Специјалист по маркетинг Specialist (Spec.) in the field of marketing)
      3. Деловна економија, насока Финансии (Специјалист по финансии Specialist (Spec.) in the field of finance)
      4. Спортски менаџмент (Специјалист од областа на спортскиот менаџмент Specialist in the field of sport management)
   III. втор циклус студии - магистерски
      1. Деловна економија, насока Бизнис менаџмент (Магистер на економски науки од област Бизнис менаџмент Master of Economics in the field of business management)
      2. Деловна економија, насока Маркетинг

(Магистер на економски науки од област Маркетинг Master of Economics in the field of marketing)

      3. Деловна економија, насока Финансии и банкарство (Магистер на економски науки од област Финансии и банкарство Master of Economics in the field of finance and banking)

4. Спортски менаџмент (Магистер од областа на спортскиот менаџмент Master in the field of sport management)

2. **Факултет за информатика**
   I. прв циклус студии
      1. Компјутерски науки (Дипломиран инженер по информатика – компјутерски науки Bachelor of Science - Computer Science)
   II. втор циклус студии - магистерски
      1. Компјутерски науки (Магистер по информатика - компјутерски науки Master of Infirmatics - Computer Science)

3. **Факултет за правни и политички науки**
   I. прв циклус студии
      1. Политички науки (Дипломиран политиколог Bachelor in political science)
      2. Правни студии (Дипломиран правник Bachelor of Laws (LLB))
   II. втор циклус студии – специјалистички
      1. Политички науки (Специјалист по политички науки Specialist of political science)
   III. втор циклус студии - магистерски
      1. Политички науки (Магистер по политички науки Master of political science)

4. **Факултет за дизајн и мултимедија**
   I. прв циклус студии
      1. Графички дизајн (Дипломиран графички дизајнер Bachelor of graphic design)
      2. Мултимедија (Дипломиран мултимедијален дизајнер Bachelor of multimedia design)
      3. Моден дизајн (Дипломиран моден дизајнер Bachelor of fashion design)
      4. Дизајн на архитектонски простор (Дипломиран дизајнер на архитектонски простор Bachelor of architectural space design)
   II. втор циклус студии - специјалистички
      1. Графички дизајн (Специјалист графички дизајнер Specialist (Spec.) graphic designer)

2. Мултимедија
(Специјалист мултимедија дизајнер
Specialist (Spec.) multimedia designer)
3. Моден дизајн
(Специјалист моден дизајнер
Specialist (Spec.) fashion designer)
4. Дизајн на архитектонски простор
(Специјалист дизајнер на архитектонски простор
Specialist (Spec.) designer of architectural space)

III. втор циклус студии - магистерски
1. Графички дизајн
(Магистер на уметности од областа графички дизајн
Master of Arts (MA) in the field of graphic design)
2. Мултимедија
(Магистер на уметности од областа мултимедија
Master of Arts (MA) in the field of multimedia)
3. Моден дизајн
(Магистер на уметности од областа моден дизајн
Master of Arts (MA) in the field of fashion design)
4. Дизајн на архитектонски простор
(Магистер на уметности од областа Дизајн на архитектонски простор
Master of Arts (MA) of architectural space design)

**5. Факултет за детективи и безбедност**

I. прв циклус студии
1. Криминалистика
(Дипломиран криминалист
Bachelor of criminalistics)

II. втор циклус студии - специјалистички
1. Криминалистика
(Специјалист по криминалистика
Specialist for criminalistics)

III. втор циклус студии - магистерски
1. Безбедност
(Магистер на безбедносни науки
Master of Security Sciences)

IV. прв циклус стручни студии
1. Програма за јазична и академска подготовка
(Сертификат и уверение (целосно или делумно) за реализирана едногодишна програма за јазична и академска подготовка
Certificate and Transcript of completion of a year-long pre-collegiate language and academic preparation program.)

Добиени беа **31 решенија за акредитација/реактредитација** и решенија за почеток со работа. За поднесените елаборати за Дизајн на архитектонски простор, прв циклус на академски студии, Политички науки, втор циклус стручни студии и Програма за јазична и академска подготовка, прв циклус на стручни студии, сè уште немаме добиено одговор од Одборот за акредитација.

Документацијата за добиените решенија за акредитација и решенија за почеток со работа, како и структурите на студиските програми, беа навремено поставени на веб страницата на АУЕ-ФОН, согласно уредбите на ЗВО.

**Враќањето на наставата со физичко присуство**, започна во академската 2021/22, првично делумно, а од академската 2022/23, целосно со физичко присуство. Онлајн наставата, наложена во времето на пандемијата, покрај недостатоците, беа увидени и придобивки од истата. Пример, студенти кои вообичаено не би присуствувале на настава, како што се вонредни студенти, студенти на патување или боледување, преку онлајн наставата имаат можност за следење на истата. Поради тоа, беше воведен нов модел на изведување на наставата, предавање на професорот и физичко присуство на студентите во просториите на АУЕ – ФОН, а во исто време, предавањето се пренесува во живо на организиран соодветен канал на Тимс, достапен и за оние кои од одредени причини не може да присуствуваат на АУЕ – ФОН. На тој начин, наставата е инклузивна за сите студенти.

Во **новите простории на Универзитетот**, до 2022 беа прилагодени три ката, со 5 опремени училници, како и професорски канцеларии и административни простории. Во текот на 2022, просторот на приземјето, четвртиот и петтиот кат беше прилагоден за изведување на настава, со што Универзитетот беше подготвен за целосно враќање на наставата со физичко присуство. Вкупно 16 училници, кои покрај столчињата, клупите и табла, се опремија со компјутер и проектор во секоја предавална, како и веб камера и звучници со кои би се овозможила наставата да се пренесува и онлајн. Поставена беше интернет конекцијата по училниците, како и безжичниот интернет пристап на третиот, четвртиот и петтиот кат. Беа опремени две компјутерски лаборатории. Овие 16 предавални беа распределени по единици и студиски програми, и соодветно се организираа и реализираа распоредите за настава.

Покрај просториите на АУЕ ФОН, се користat и три дополнителни **спортски сали** закупени за изведувње настава и тоа:

- спортската сала за изведување на настава по универзитетските изборни предмети Спорт и здравје 1 и 2, како и предметите на студиската програма на Факултетот за спортски менаџмент.
- спортската сала за настава по предметите Специјална безбедносна обука 1 – 6, како и
- спортската сала во Охрид за студентите на Факултетот за детективи и безбедност, од депандансот во Струга.

Од академската 2022/23, беше воведена **задолжителна подготовка на силабусна содржина на наставните предмети** на почетокот на семестарот. Темплејтот се состои од прецизни информации за името на студиската програма, кодот и името на предметот и професорот, целите на предметот, наставните теми поделени на недели, задолжителна и дополнителна литература, услови за предметот, начин на бодување и оценување, начин на полагање, информации за присуство и етичкиот кодекс. Содржината на силабусот е соодветен на содржината на елаборатите по кои е добиена акредитацијата на студиската програма. Професорите на почетокот на семестарот ја споделува/поставува силабусната содржина на предметот во соодветниот канал на Teams.

Со цел следење и забележување на академските активности на наставниот кадар во наставниот процес, беше **воведена задолжителна евиденција на одржаната настава**. Извештаите вклучуваат информација за наставниот предмет, датум на одржување, почеток и крај на наставата и број на присутни студенти. Во летниот семестар 2021/22 година извештаите беа доставувани до деканите, кои збирно го доставуваа извештајот до проректорот за настава. Од академската 2022/23 година, евиденцијата на настава е интегрирана во професорскиот портал на е-системот. Наставниот кадар беше известен за обврската за внес на податоци за одржаната настава, како и за обврската да ги чуваат списоците од посета на наставата со физичко присуство, заедно со извештаите од присуството на Тимс, до крајот на семестарот.

Визитинг наставниците доставуваа извештај до деканите и проректорот за настава, како и на професорскиот портал, за одржаната настава со податоци со денот, време на почеток и крај на часот и број на присутни студенти. На тој начин се следеше исполнетоста на наставната програма, а квалитетот на настава е следен и преку спроведената самоевалуација.

Изготвен е **акт за спроведување на испитните сесии**.

Навремена организација, изработка и објава на распоредите за настава, колоквиумските и редовните и вонредните испитни сесии. Покрај поставувањето на веб страницата, студентите беа тековно информирани и на Вибер каналот на АУЕ – ФОН.

Воспоставување на **систем на достава на барања меѓу единиците за доделување на наставник за предмет на студиска програма**, со цел усогласување на распределбите на обврските/предметите помеѓу факултетите, и добивање на целосен преглед на ангажманот на професорите.

Навремено задавање, отворање и известување на студентите за нивните студентски мејл адреси, како и за начинот на користење на е-индексот и платформата Teams. Беа организирани Teams каналите за прва година од прв циклус, и втор циклус стручни и академски студии, по единици, како и за универзитетските изборни предмети. Соодветните студенти беа подредени по соодветни групи. Со тоа онлајн просторот за настава беше поставен и организиран.

Во април 2022 година беше иницирана **дигитализацијата на процесот на самоевалуација**, кој опфаќа пополнување на анкетни прашалници од страна на студентите, за квалитетот на наставата, по наставен предмет на крајот на секој семестар. Процесот го организира и следи Универзитетската комисија за самоевалуација, како и Комисиите за самоевалуација по единици. Прашалниците во минатиот период беа пополнувани рачно на листови, со физичко присуство на студентите. Воочени беа недостатоци во овој процес, во контекст на: квантитетот на опфат на студенти кои ќе го пополнат прашалникот е условен од редовноста и присуството на студентите и е непредвидлив; објективноста на одговорите поради начинот на спроведување; објективноста на резултатите во процесот на рачна обработка на анкетните листови; како и долгиот временски период потребен за сумирање на резултатите. Во периодот на пандемијата, а со тоа и во известувачкиот период: летниот семестар 2021/22 и зимскиот семестар 2022/23, анкетните листови беа доставувани онлајн, во форма на анонимна анкета на соодветна веб платформа. Недостатокот кој беше утврден е намалување на бројот на одговори на прашалникот поради немање на алатки кои ќе ги поттикнат

студентите да го пополнат. Од таа причина, во периодот од април 2022 до мај 2023, во комуникација со систем администраторите на студентскиот е-портал, беше развивана апликација, со која, по започнувањето на процесот за самоевалуација, студентите при најава на својот е-индекс, задолжително мораат да го пополнат анкетниот прашалник. Анонимноста на одговорите беше сериозно земена предвид и интегрирана во извештаите на генерираните одговори. Овој приод беше спроведен за првпат од мај до септември 2023, за летниот семестар 2022/23. Квантитетот на одговори е повеќекратно зголемен, резултатите објективно се пресметуваат, и временскиот период за обработка на истите е скратен. Сето ова придонесува за попрецизна анализа на квалитетот на наставата на АУЕ – ФОН.

**Извештајот за самоевалуација** за периодот за академската 2020/21 на АУЕ – ФОН е изработен, усвоен и објавен на веб страницата на АУЕ – ФОН.

### 3.2.Двојни дипломи

Во периодот на известување како АУЕ ФОН во интензивна меѓународната соработка со **VZUF од Софија Бугаија**, отвори нови можности за двојни дипломи за прв и втор циклус студии како и можност за докторски, магистерски и додипломски студии од областа на економијата, бизнисот и претприемништвото во соработка со приватниот универзитет ВУЗФ од Софија. Новите студенти, постоечките, како и алумните од АУЕ – ФОН кои студираат или студирале деловна економија, бизнис менаџмент, финансиски и банкарски менаџмент, маркетинг и спортски менаџмент, ќе можат преку полагање на дифиренцијални предмети да се стекнат со дополнителна диплома од областа на претприемништвото, сметководството, осигурување, меѓународна економија или други студиски програми коишто ги овозможува ВУЗФ универзитетот.
Во периодот на известување како АУЕ ФОН како резултат на соработката со Државниот универзитет за применети науки Митведа од Германија (**Mittweida – University of Applied Sciences**), на студентите им овозможува да се стекнат со двојни дипломи. Сите сегашни и идни студенти, како и алумни на АУЕ – ФОН кои се запишани на Економскиот факултет и студираат или студирале „Бизнис менаџмент“, „Маркетинг и „Финансии“, можат да аплицираат за двојна диплома на Државниот Универзитет за применети науки од Митведа и тоа за додипломски студии во областа на бизнис менаџмент (индустриски менаџмент), со што, покрај дипломата од АУЕ - ФОН, нашите студенти можат да добијат и германска диплома за прв циклус студии. Заради компатибилноста на наставните програми, студентот освен на ФОН Универзитет, програмата може да ја следи и на програмата на универзитетот за применети науки Митведа, а задолжителната пракса да ја реализира во Митведа во завршната година на студии. За студирање на програмата за двојна диплома со Универзитетот за применети науки Митведа од Германија, студентите ќе треба да демонстрираат познавање на германски јазик на Б2 ниво, за кое по претходна пријава се организира јазична обука за германски јазик.

### 3.3.Број на вработени и наставно-научен кадар

Во периодот на известување:

- Факултетот за правни и политички науки во академската 2020/2021 својата дејност ја извршува со вкупно 19 вработени во редовен работен однос и 3 визитинг професори (од кои двајца професори со звање емеритус). Од

вкупниот број: 9 редовни професори, 4 вонредни професори, 6 доценти и 2 асистенти.

- Факултетот за економски науки својата дејност ја извршува со вкупно 12 наставници од кои 9 вработени во редовен работен однос и 3 визитинг наставници. Притоа, наставниот кадар го сочинуваа 4 редовни професори, 4 вонредни професори, 2 доценти, 1 научен соработник и 1 асистент. За паралелката за настава на албански јазик биле ангажирани 2 визитинг професори.
- На Факултетот за дизајн и мултимедија во учебната 2020/2021 година биле ангажирани 10 членови на наставниот кадар, од кои 2 редовни професори, 3 вонредни професори и 2 доценти, како и 2 визитинг наставници.
- Факултетот за спортски менаџмент наставно-образовната дејност ја изведува со 5 наставници во редовен работен однос и тоа: 2 редовни и 3 вонредни професори.
- На Факултетот за странски јазици биле ангажирани 6 членови на наставниот и соработничкиот кадар, од кои 1 вонреден професор, 2 доценти, 2 виши лектори и 1 лектор.3
- Архитектонскиот Факултет својата дејност во периодот на известување ја врши со 7 членови од кои 1 редовен професор, 1 вонреден професор, 3 доценти и 2 соработници.

Со Одлуката за прераспоредување на членови на наставно- наулните совети од 10.12.2021, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки го сочинуваат 13 вработени со наставно- научни и наставни звања; Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки го сочинуваат 12 вработени со наставно-научни звања; Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност го сочинуваат 11 вработени со наставно- научни и наставни звања; Наставно-научниот совет на Факултетот за информаика го сочинуваат 11 вработени со наставно- научни звања; и Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија го сочинуваат 15 вработени со наставно- научни и наставни звања.

[3] Податоците за бројот на наставен и соработнички кадар се превземени од поединечните извештаи за самоевалуација на факултетите

### 3.4.Број на студенти

Во периодот на на запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во по циклус на студии и по наставна програма:

**Табела 1 Број на Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за 2021/2022 прв циклус студии**

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Македонски | Албански | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Архитектонски факултет | Архитектура-1 год. | 14 | | |
| | Архитектура-трансфер | 3 | | 17 |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика-1 год. | 47 | | |
| | Криминалистика - трансфер | 8 | | 55 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 29 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 2 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 10 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн - трансфер | | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн - трансфер | | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија - трансфер | | | 41 |
| Факултет за економски науки | Бизнис менаџмент | 15 | | |
| | Маркетинг | 6 | | |
| | Финансии | 10 | | |
| | Бизнис менаџмент - трансфер | 6 | 1 | |
| | Маркетинг - трансфер | 4 | | |
| | Финансии - трансфер | 2 | | 44 |
| Факултет за информатика | Бизнис информатика | 3 | | |
| | Информатика - модул: Компјутерско инженерство | 2 | | |
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 8 | | |
| | Бизнис информатика - трансфер | 1 | | |
| | Информатика - модул: Компјутерско инженерство-трансфер | 3 | | |
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство-трансфер | 4 | | 21 |
| Факултет за правни и политички науки | Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика - трансфер | | 1 | |
| | Правни науки | 34 | | |
| | Правни науки - трансфер | 19 | | 54 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование - трансфер | 3 | | 3 |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока -трансфер | 7 | | 7 |
| Вкупно | | 240 | 2 | 242 |
| | | | | |

## Табела 2 Број на Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за 2021/2022 втор циклус студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Скопје | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Алб | Мак | | |
| Архитектонски факултет | Втор циклус - Архитектура | 0 | 4 | 4 | |
| | Магистерски студии на Архитектура | 0 | 4 | 4 | 8 |
| Факултет за детективи и безбедност | Втор циклус на безбедност | 3 | 19 | 22 | |
| | Магистерски студии на безбедност | 4 | 5 | 9 | 31 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 0 | 1 | 1 | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 0 | 2 | 2 | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 0 | 2 | 2 | 5 |
| Факултет за економски науки | Магистерски студии по бизнис менаџмент | 0 | 9 | 9 | |
| | Магистерски студии по маркетинг | 0 | 5 | 5 | |
| | Магистерски студии по финансии - Банкарско-монетарен модул | 0 | 5 | 5 | |
| | Магистерски студии по финансии - Модул Меѓународни финансии | 0 | 4 | 4 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Бизнис менаџмент | 9 | 13 | 22 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Маркетинг | 0 | 5 | 5 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Финансии | 0 | 7 | 7 | 57 |
| Факултет за информатика | Магистерски студии на бизнис информатика | 0 | 1 | 1 | |
| | Магистерски студии на Информатика - Модул: Компјутерско инженерство | 0 | 2 | 2 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Магистерски студии на Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 0 | 1 | 1 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Компјутерско инженерство | 0 | 2 | 2 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Бизнис информатика | 0 | 1 | 1 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Софтверско инженерство | 0 | 1 | 1 | 8 |
| Факултет за правни и политички науки | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 1 | 1 | 2 | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 0 | 5 | 5 | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 1 | 0 | 1 | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 2 | 10 | 12 | |
| | Магистерски студии на меѓународно право и право на ЕУ | 0 | 2 | 2 | |
| | Магистерски студии по граѓанско право | 6 | 2 | 8 | |
| | Магистерски студии по деловно право | 0 | 1 | 1 | |
| | Магистерски студии по казнено право | 0 | 6 | 6 | |
| | Специјалистички студии на Меѓународно право и право на ЕУ | 0 | 1 | 1 | |
| | Специјалистички студии по граѓанско право | 12 | 9 | 21 | |
| | Специјалистички студии по деловно право | 0 | 11 | 11 | |
| | Специјалистички студии по казнено право | 0 | 21 | 21 | 91 |
| Факултет за спортски менаџмент | Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | 0 | 3 | 3 | 3 |
| Факултет за странски јазици | Магистерски студии на меѓународен бизнис | 0 | 1 | 1 | |
| | Магистерски студии на применета лингвистика (англиски јазик) | 0 | 1 | 1 | 2 |

| Вкупно | | 38 | 167 | 205 | 205 |
|---|---|---|---|---|---|

**Табела 3 Број на Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за 2022/2023 прв циклус студии**

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Македонски | Албански | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Архитектонски факултет | Архитектура-трансфер | 8 | | 8 |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика | 38 | | |
| | Криминалистика - трансфер | 8 | 1 | 47 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Графички дизајн | 36 | | |
| | Моден дизајн | 5 | | |
| | Мултимедија | 27 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн - трансфер | 1 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн - трансфер | 1 | | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија - трансфер | | | 70 |
| Факултет за економски науки | Деловна економија насока Маркетинг | 15 | | |
| | Деловна економија насока Финансии | 13 | | |
| | Деловна економија насока Бизнис менаџмент | 28 | | |
| | Маркетинг - трансфер | 8 | | |
| | Бизнис менаџмент - трансфер | 7 | | |
| | Финансии - трансфер | 5 | | 76 |
| Факултет за информатика | Компјутерски науки | 29 | | |
| | Компјутерски наки - трансфер | 1 | | |
| | Бизнис информатика - трансфер | 1 | | |
| | Информатика - модул: Компјутерско инженерство-трансфер | | | |
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство-трансфер | 1 | | 32 |
| Факултет за правни и политички науки | Правни студии | 21 | | |
| | Правни науки - трансфер | 15 | | |
| | Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија - трансфер | 3 | | 39 |
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование - трансфер | 5 | | |
| | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент- трансфер | 1 | | 6 |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока -трансфер | 1 | | 1 |
| Вкупно | | 278 | 1 | 279 |

**Табела 4 Број на Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за 2022/2023 втор циклус студии**

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | ФОН | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Алб | Мак | | |
| Факултет за детективи и безбедност | „Безбедност", втор циклус на академски студии | 0 | 4 | 4 | |
| | „Криминалистика" втор циклус на стручни студии | 3 | 11 | 14 | 18 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | „Графички дизајн", втор циклус на академски студии | 0 | 3 | 3 | |
| | „Графички дизајн", втор циклус на стручни студии | 0 | 1 | 1 | |
| | „Дизајн на архитектонски простор", втор циклус на академски студии | 0 | 1 | 1 | |
| | „Моден дизајн", втор циклус на академски студии | 0 | 1 | 1 | |
| | „Моден дизајн", втор циклус на стручни студии | 0 | 3 | 3 | 9 |
| Факултет за економски науки | „Деловна економија - маркетинг", втор циклус на академски студии | 0 | 4 | 4 | |
| | „Деловна економија насока Бизнис Менаџмент", втор циклус на академски студии | 0 | 6 | 6 | |
| | „Деловна економија насока Бизнис менаџмент", втор циклус на стручни студии | 0 | 7 | 7 | |
| | „Деловна економија насока Маркетинг", втор циклус на стручни студии | 0 | 8 | 8 | |
| | „Деловна економија насока Финасии", втор циклус на стручни студии | 0 | 4 | 4 | |
| | „Деловна економија, насока Финасии и банкарство", втор циклус на академски студии | 0 | 3 | 3 | |
| | „Спортски менаџмент", втор циклус на академски студии | 0 | 4 | 4 | 36 |
| Факултет за информатика | „Компјутерски науки", втор циклус на академски студии | 0 | 4 | 4 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Софтверско инженерство | 0 | 2 | 2 | 6 |
| Факултет за правни и политички науки | „Политички науки", втор циклус на академски студии | 1 | 1 | 2 | |
| | Магистерски студии на меѓународно право и право на ЕУ | 0 | 1 | 1 | |
| | Магистерски студии по граѓанско право | 3 | 5 | 8 | |
| | Магистерски студии по деловно право | 0 | 5 | 5 | |
| | Магистерски студии по казнено право | 0 | 9 | 9 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Специјалистички студии „Политички науки" Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 0 | 3 | 3 | |
| | Специјалистички студии на Меѓународно право и право на ЕУ | 0 | 3 | 3 | |
| | Специјалистички студии по граѓанско право | 10 | 3 | 13 | |
| | Специјалистички студии по деловно право | 0 | 5 | 5 | |
| | Специјалистички студии по казнено право | 0 | 15 | 15 | 64 |
| Факултет за странски јазици | Магистерски студии на меѓународен бизнис | 0 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | | 17 | 117 | 134 | |

**Табела 5 Број на Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за 2023/2024 прв циклус циклус студии**

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | 2 уписен рок | 3 уписен рок | Трансфер | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Архитектура-трансфер | | | 5 | 5 |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика | 23 | 14 | | |
| | Криминалистика - трансфер | | | 8 | 45 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Графички дизајн | 30 | 9 | | |
| | Мултимедија | 14 | 8 | | |
| | Графички дизајн - трансфер | | | 1 | 62 |
| Факултет за економски науки | Деловна економија насока Маркетинг | 15 | 8 | | |
| | Деловна економија насока Финансии | 2 | 6 | | |
| | Деловна економија насока Бизнис менаџмент | 13 | 9 | | |
| | Спортски менаџмент | 6 | 6 | | |
| | Спортски менаџмент - трансфер | | | | |
| | Деловна економија насока Маркетинг-трансфер | | | | |
| | Деловна економија насока Финансии-трансфер | | | 1 | |
| | Деловна економија насока Бизнис менаџмент-трансфер | | | 1 | |
| | Бизнис менаџмент - трансфер | | | 3 | |
| | Финансии - трансфер | | | 1 | 71 |
| Факултет за информатика | Компјутерски науки | 23 | 13 | | |
| | Компјутерски наки - трансфер | | | 3 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство-трансфер | | | 2 | 41 |
| Факултет за правни и политички науки | Правни студии | 8 | 4 | | |
| | Правни студии-трансфер | | | 2 | |
| | Правни науки - трансфер | | | 9 | 23 |
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование - трансфер | | | 4 | 4 |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока -трансфер | | | 2 | 2 |
| Вкупно | | 134 | 77 | 42 | 253 |

Конкурсот за втор циукус за академската 2023/24 е сеушбте отворен. До моментот на подготоквка на извештајот, на вотр циклус студии се запишани 25 студенти на програмите за специјалистички студии и 16 на програмите за магистерски студии.

**Испишани студенти во календарскиот период**
**Во 2023, бројот на испишани студенти е прикажан подолу во табела**

**Табела бр 6 бројот на испишани студенти за 2023**

| **ФАКУЛТЕТ** | Број на испишани студенти |
|---|---|
| Архитектонски факултет | 1 |
| Факултет за детективи и безбедност | 7 |
| Факултет за економски науки | 13 |
| Факултет за информатика | 5 |
| Факултет за правни и политички науки | 7 |
| Факултет за спортски менаџмент | 0 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 3 |
| Факултет за странски јазици | 3 |
| Интерен траннсфер на програми | 3 |
| Вкупно | 36 |

**Реактивациија на студенти во календарскиот период**
**Табела 7 Бројот на реактивација на студенти за 2023 по Факултети**

| **ФАКУЛТЕТ** | Број на реакциви рани студенти |
|---|---|
| Архитектонски факултет | 4 |
| Факултет за детективи и безбедност | 6 |
| Факултет за економски науки | 8 |
| Факултет за информатика | 1 |
| Факултет за правни и политички науки | 12 |
| Факултет за спортски менаџмент | 3 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 3 |
| Факултет за странски јазици | 2 |
| Вкупно | 39 |

Доколку се погледа бројот на тековни студенти што студираат на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, може да се констатира дека Универзитетот според бројот на неговите студенти и бројот на факултетите во иднина е одржлив и се уште има потенцијал за негов натамошен развој, како во сегментот на домашните така и на странските студенти. Оттука, не случајно денес Универзитетот е целосно посветен на остварување на неговата мисија за зголемување на квалитетот на нивното знаење, способности и вештини, неопходни за постигнување на поголема нивна конкуретност не само на домашниот пазар на трудот туку и на европскиот пазар на трудот, како основна претпоставка за задржување на неговото прво место според бројот на студенти меѓу приватните универзитети.

## 3.5.Преземени активности за подобрување на наставно- образовниот процес на АУЕ- ФОН во периодот на известување

### 3.5.1. Систем за обезбедување на квалитет на образовната дејност на факултетот

На ниво на АУЕ ФОН како и на ниво на единици на АУЕ ФОН, со одлука на ректорот бр 8-464/3 од 15.03.2022 година е формирана Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет. Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет ја сочинуваат по еден претставник од единиците на Универзитетот, претставник од редот на административниот кадар и претставник од редот на студентите. Комисијата ја именува Ректорската управа на Универзитетот со мандат од 4 години за вработените на Универзитетот со можност за повторен избор и 1 година за претставникот од редот на студентите со можност за повторен избор. Со Комисијата претседава Координаторот за управување со квалитет и иновации на Универзитетот.

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет е стручно и советодавно тело кое во соработка со другите органи и тела на Универзитетот ги планира, следи, анализира и управува со постапките за оценување на квалитетот на Универзитетот и предлага мерки за подобрување и зголемување на квалитетот. Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет има надлежност да предлага стратегија и план на активности за обезбедување и управување со квалитетот; да го следи остварувањето на Стратегијата, стандардите и процедурите за квалитет и предлага мерки за отстранување на воочените слабости, со цел подобрување на квалитетот;да предлага критериуми, стандарди и постапки поврзани со обезбедувањето и управувањето со квалитетот; да ја следи примената на правилата и процедурите за донесување, реализација и самоевалуација на студиските програми и предлага мерки за нивно унапредување; да иницира и предлага начини и постапки за вреднување и обезбедување на квалитетот во настанообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност на Универзитетот; да ги анализира добиените податоци во областите на внатрешно обезбедување, унапредување и оценување на квалитетот на Универзитетот и единиците во неговиот состав; да ја промовира политиката за квалитет на Универзитетот. Комисијата извршува и други работи од својата надлежност во согласност со Правилникот за обезбедување на квалитет на АУЕ ФОН и Статутот на Универзитетот донесен во 2022. Правилникот за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа ФОН, ги уредува политиката, целта, намената, принципите, подрачјата, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на АУЕ ФОН.

Во рамките на својата надлежност, покрај нацрт правилникот за обезбедување на квалитет на АУЕ ФОН , Комисијата изготви и предложи за усвојување документи кои го уредуваат системот за обезбедување квалитет на АУЕ ФОН сите усвоени на седница на Сенатот и тоа:

1. Политика за обезбедување квалитет на АУЕ ФОН (Квалитетот во фокусот) усвоена на 06.06.2022
2. Стратегија за обезбедување квалитет на АУЕ ФОН усвоена на 06.06.2022
3. Акционен план за подобрување и унапредување на системот за квалитет на Американскиот универзитет на Европа – ФОН усвоен на 06.06.2022

Комисијата работи на редовни седници за што води записници. Во 2022, покрај поставување на системот за обезбедување квалитет на АУЕ ФОН, работеше и на оценка на квалитетот на програмите за доживотно учење. нЗаради континуирано обезбедување и зголемување на квалитетот и спроведување на предвидените активности, на Универзитетот се формираат постојани и привремени работни тела составени од наставници, соработници, ненаставен кадар и студенти, со прецизно утврдени надлежности за следење, проценка и развој на квалитетот во сите области на делување на Универзитетот.

### 3.5.2. Самоевалуација

Процесот на самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа- ФОН го реализираат Комисијата за самоевалуација на ниво на Универзитетот, која ја формира Сенатот на Универзитетот и комисиите за самоевалуација на ниво на секој факултет во рамки на Универзитетот поедонечно, кои се формираат од страна на наставно-научните совети на факултетите. Универзитетскиот сенат, на седницата одржана на 21.4.2022

година ја донесе одлуката за формирање на Комисијата за самоевалуација на ниво на Американскиот универзитет на Европа- ФОН. Во 2022 година  Комисијата за самоевалуација на ниво на Универзитетот го заврши процесот на самоевалуација за академската 2020/2021 година, кој беше започнат од претходната комисија. Претседателот на универзитетската комисија за самоевалуација е одговорен за спроведување на целокупниот процес, односно давање на упатсва за работа на комисиите за самоевалуација на ниво на секој факултет во рамки на Американскиот универзитет на Европа- ФОН и координирање на нивните активности, заради подготовка на поединечните извештаи за самоевалуација (на ниво на секој факултет), како и спроведување и обработување на податоците од анкетите кои се составен дел Резулатите од процесот на самоевалуација, донесен е Извештај за самоевалуација на АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА- ФОН за академската 2020/2021 година. Составен дел на овој Извештај претставуваат и поединечните факултетски извештаи, во кои се дадени деталните анализи и статистички податоци. Извештаите се објевени на веб страната а АУЕ ФОН[4].

Во април 2022 година беше иницирана дигитализацијата на процесот на самоевалуација, кој опфаќа пополнување на анкетни прашалници од страна на студентите, за квалитетот на наставата, по наставен предмет на крајот на секој семестар. Процесот го организира и следи Универзитетската комисија за самоевалуација, како и Комисиите за самоевалуација по единици. Прашалниците во минатиот период беа пополнувани рачно на листови, со физичко присуство на студентите. Воочени беа недостатоци во овој процес, во контекст на: квантитетот на опфат на студенти кои ќе го пополнат прашалникот е условен од редовноста и присуството на студентите и е непредвидлив; објективноста на одговорите поради начинот на спроведување; објективноста на резултатите во процесот на рачна обработка на анкетните листови; како и долгиот временски период потребен за сумирање на резултатите. Во периодот на пандемијата, а со тоа и во известувачкиот период: летниот семестар 2021/22 и зимскиот семестар 2022/23, анкетните листови беа доставувани онлајн, во форма на анонимна анкета на соодветна веб платформа. Недостатокот кој беше утврден е намалување на бројот на одговори на прашалникот поради немање на алатки кои ќе ги поттикнат студентите да го пополнат. Од таа причина, во периодот од април 2022 до мај 2023, во комуникација со систем администраторите на студентскиот е-портал, беше развивана апликација, со која, по започнувањето на процесот за самоевалуација, студентите при најава на својот е-индекс, задолжително мораат да го пополнат анкетниот прашалник. Анонимноста на одговорите беше сериозно земена предвид и интегрирана во извештаите на генерираните одговори.

Овој приод беше спроведен за првпат од мај до септември 2023, за летниот семестар 2022/23. Квантитетот на одговори е повеќекратно зголемен, резултатите објективно се пресметуваат, и временскиот период за обработка на истите е скратен. Сето ова придонесува за попрецизна анализа на квалитетот на наставата на АУЕ – ФОН.

Во рамки на зацртаниот план за работа на Комисијата за самоевалуација, Комисијата работеше и подготви следните нацрт документи за:

---

[4] https://fon.edu.mk/files/samoevaluacija%202021.pdf , https://fon.edu.mk/files/samoevaluacija2022/fppn.pdf, https://fon.edu.mk/files/samoevaluacija2022/fsm.pdf, https://fon.edu.mk/files/samoevaluacija2022/fdm.pdf,

- **Правилник за самоевалуација и оценување и обезбедување на квалитет со** кој подетално се уредува процесот на самоевалуација за да се изврши проценка на перформансите на наставниот и соработничкиот кадар, квалитетот на наставниот процес, квалитетот на наставните програми, научно-истражувачката дејност, издавачката дејност.
- **Анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар**, која се спроведува во втората половина од семестарот (два пати годишно) за секој предмет одделно
- Акциски план за Имплементација на заклучоците и препораките од Самоевалуација

Со оглед што процесот на самоевалуација е комплексен и се спроведува во повеќе фази, Комисијата за самоевалуација во континуитет работи на обезбедување на:

- Структурирање на внатрешен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Преземање мерки за поквалитетно и поефикасно изведување на наставата и постигнување на подобри резултати од студирањето
- Детектирање на слабите резултати и проблемите со кои се соочуваат факултетите, со цел да се преземат мерки за нивно надминување
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на процесот на изведување на наставата.

Активноста на Комисијата за тековната академска година опфаќа и Усвојување на унифицирана форма на акциски план за потребите на процесот на самоевалуација за секој од факултетите во состав на Универзитетот и на ниво на Универзитет.

### 3.5.3. Акредитација/реакредитација на програми

Со одлука на ректорската управа бр. 08-853/4 од 28.06.2021 е формирано координативно тело за координација на комисиите за подготовка на елаборати за нови студиски програми и утврден е состав на Комисиите за подготовка на елаборати за нови студиски по факултети. Во постапувањето, Координативното тело и комисиите постапуваа согласно нормативната рамка[5] за подготовка и акредитација/реакредитација на

[5] Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018); 2 Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10); Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација; 3 Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12); 4 Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр.25/11); 5 Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/13); 6 Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на РМ " бр.154/2010), 7 Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на РМ " бр.84/09) 8 Закон за воената академија („Службен весник на РМ" бр.83/2009) 9 Правилник за поблиските критериуми и надлежноста

елаборати за нови студиски. Во Јануари 2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование - Одбор за акредитација на високото образование, беа доставени вкупно 34 елаборати за (ре) акредитација на студиски програми од прв и втор цикус. Добиени беа **31 решенија за акредитација/реактредитација** и решенија за почеток со работа. За поднесените елаборати за Дизајн на архитектонски простор, прв циклус на академски студии, Политички науки, втор циклус стручни студии и Програма за јазична и академска подготовка, прв циклус на стручни студии, сè уште немаме добиено одговор од Одборот за акредитација. Документацијата за добиените решенија за акредитација и решенија за почеток со работа, како и структурите на студиските програми, беа навремено поставени на веб страницата на АУЕ-ФОН, согласно уредбите на ЗВО.

Уписот во академската 2022/23 и академската 2023/24 се врши по основ на конкурс за студиски програми од прв и втор цикус акредитирани со решенија за акредитација/реактредитација и решенија за почеток со работа.

#### 3.5.4. Евиденција за реализација на наставата

Од почетокот на летниот семестар 2022 и со цел водење на евиденција за наставните процеси на универзитетот наставен кадар согласно Протокол за евиденција за реализација на наставата и тоа секој професор да води евиденција за присуство на студентите на предавањата и вежбите и истите задолжително да се чуваат до почетокот на следниот семестар.

За наставата која се одвива онлајн, да ги преземате списоците кои автоматски се генерираат по завршувањето на часот (времетрањето на часот и присутните студенти). За наставата со физичко присуство се води евиденција на списоци, рачно потпишани од страна на присутните студенти (со име на предметот, датум и време на одржување на часот). Согласно на студенти (во табелата 1 која протоколот, секој професор на крајот на работната недела испраќа до деканот извештај за спроведена настава, со следниве податоци: факултет на кој се спроведува наставата, име на предмет, датум и време на почеток и крај на часот, присутен број ви ја доставувам како прилог на овој мејл).

Од почетокот на академската 2022/23 година, евиденцијата на настава е интегрирана во професорскиот портал на е-системот. Наставниот кадар беше известен за обврската за внес на податоци за одржаната настава, како и за обврската да ги чуваат списоците од посета на наставата со физичко присуство, заедно со извештаите од присуството на Тимс, до крајот на семестарот.

---

на одборите за соработка и доверба со јавноста („Службен весник на РМ " бр.148/13) 10 Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија" бр.71/09 и 120/10) 11 Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава („Сл. РМ " бр.71/09 и 120/10) 12 Закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на РМ " бр.16/13) 13 Закон за признавање на професионалните квалификации („Сл. РМ" бр.171/10) 14 Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност („Службен весник на РМ " бр.65/13) 15 Закон за научно-истражувачката дејност („Сл. РМ " бр.46/08, 103/08, 24/11 и 80/12) 16 Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на РМ" бр.10/15) 17 Статут на вискообразовната установа 18 Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ.

Визитинг наставниците доставуваат извештај до деканите и проректорот за настава, како и на професорскиот портал, за одржаната настава со податоци со денот, време на почеток и крај на часот и број на присутни студенти. На тој начин се следеше исполнетоста на наставната програма, а квалитетот на настава е следен и преку спроведената самоевалуација.

### 3.5.5. Кариерен развој Евиденција за реализација на наставата

Во периодот на известување се спроведени обуки и тренинзи за различни целни групи на академската заедница на АУЕ ФОН и тоа:

- **Тренинг за вработените на АУЕ - ФОН за подобрување на менталното здравје,** Предавач - Дафина Кирби, лиценциран тренер за трансформациски живот и тренер за здравје на мозокот, која живее и работи во Лондон. Кирби во текот на своето интерактивно предавање/обука објасни и сподели многу различни алатки и техники кои вработените можат да ги користат со цел да за заменат негативното размислување со позитивно, 2022 .
- **Работилница на тема** . „Важноста на принципите за интегритет, чесност и одговорност", во рамки на кампањата "Зависи од мене и тебе", на која гостин ќе биде на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење г-ѓа Славица Грковска.27 Октомври 2023, 12ч во предавалната 402 , наменета за целоата академска заедница на АУЕ ФОН. Работилницата опфати 20 студенти и 10 академски и административен кадар на АУЕ ФОН

### 3.5.6. Организирање на систем за дополнителна интензивна настава

Поради бројот на студенти кои заостануваа во реализацијата на студиската програма, се организираше систем за обезбедување дополнителна настава. Дополнителната настава се организира за студенти со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет од студиската програма, студенти кои покажале слаби резултати од учењето и имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема, студенти кои што подолго време отсуствувале од настава и студенти со потешкотии во учењето и совладување на материјата согласно предметната програма. Студентите се пријавуваат за дополнителна интензивна настава на следниот линк **https://forms.office.com/e/snY0DjzXkX**

### 3.5.7. Реетаблирање на врските со алумни заедницата и организирање на база на податоци за Алумни на АУЕ ФОН

Градењето на силна врска со поранешните студенти како наши амбасадори има клучна улога за промоција на АУЕ – ФОН Универзитетот. Заедничката соработка со алумни заедницата ќе ја зацврсти лојалноста и ќе го засили чувството на припадност и заедништво помеѓу сегашните и поранешните студенти, поддржувајќи го напредокот и развојот на Универзитетот. Со одржување на функционални релации со студентите и АУЕ – ФОН Универзитетот, се стремиме заедно до подобро општество. Студентите кои дипломирале на една од програмите на АУЕ ФОН се регистрираат и стануваат дел од АУЕ ФОН алумни заедница на следниот линк **https://forms.office.com/e/2qjQLNFwZY)**

### 3.5.8. Активности и механизми за спречување на корупција во високото образование преку ефективна антикорупциска стратегија.

Корупцијата е општествено негативна појава и проблем за квалитетна и ефикасна високото образовна дејност. Во таа насока, АУЕ - ФОН води политиката на спречување на корупцијата во високото образование, преку дизајнирање на ефективна антикорупциска стратегија.Во периодот на известување се воведоа неколку механизми за спречување на корупција во високото образовние

Во согласност со Законот за високото образование и Етичкиот кодекс на АУЕ ФОН, своето работење во областа на високообразовната и научноистражувачката дејност, АУЕ ФОН го врши законито, професионално, чесно и етично. АУЕ ФОН своето работење го заснова врз Законот за високото образование и релевантната законска рамка за спречување на корупцијата и судирот на интереси, вработување и напредување, заштитата на укажувачите и слободниот пристап до информации од јавен карактер. АУЕ ФОН презема обврска за спроведување на политика на нула толеранција за мито и корупција во рамките на своето работење и за другите форми на неетичко постапување кое предизвикуваат штета по квалитетот на образованието што се нуди, но се јавуваат во континуитет, па сè до облиците на корупција кои претставуваат кривични дела. АУЕ ФОН се грижи за професионално работење со зачувување на интегритетот на вработените, студентите и сите трети лица со кои остварува соработка и се посветува на градење и спроведување на ефективни системи за спречување на корупцијата.

Доколку студентот се соочил со некоја од различните форми преку кои се манифестира корупцијата во високото образование, а со цел на АУЕ ФОН да се овозможи да формира соодветен антикориупциски пристап за да ја превенира и спречи оваа појава, а со тоа да го зачува и интегритетот на Универзитетот, на студентите им се овозможи доставување на анонимна пријава за корупција (усно или во писмена форма) до овластеното лице за прием на пријави на корупција на АУЕ – ФОН.

За овластено лице, назначено лице согласно Член 107 од Законот за високото обазование, согласно критериумите определени во ЗВО назначена е проф. д-р Александра Србиновска Дончевски. Секоја пријава е анонимна, а личните податоци се заштитени. https://fon.edu.mk/soopstenie.aspx?cid=563

Овластеното лице е должно да ги заштити личните податоци на пријавувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на пријавувачот кој бара да биде

анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци и да го информира пријавувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

СТУДЕНТСКИ ГЛАС е електронски формулар за пријавување на сите отворени прашања, дилеми, непријатни искуства, критика, но и за пофалби или нови иницијативи. Пораките се анонимна, име, презиме и електронска адреса не се задолжителни. https://forms.office.com/r/z4fVBzfbqp

### 3.5.9. Облици на стручно – професионално усовршување (континуирано образование)

Концептот на доживотно учење (lifelong learning) поаѓа од фактот дека континуираното учење во текот на целиот живот (стекнување на општо знаење, стручни квалификации и практични вештини) и отвореноста на образованието спрема најширокото население треба да биде основа на општеството и економијата со цел подобро да се одговори на предизвиците кои се резултат на шроцесот на глобализација. Целта на овој концепт е поттикнување на поединците за постојано усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето, за да се одговори на општествените промени, промените на пазарот на трудот, намалување на невработеноста и потребите на работодавците. Американскиот универзитет на Европа-ФОН, во септемри 2023 основаше тернинг центар за спроведување обуки и програми за стручно односно професионално усовршување, според концептот на доживотно учење предвиден во член 141 од Законот за високото образование. Изработката на програми и подготвителнтие активности за изведување на ваков вид настава се во тек.

#### 3.5.9.1.Креирани програми за неформално образование

Во периодот на известување согласно системот за обезбедување квалитет беше донесена одлука за формирање Комисија за проценка на квалитет и одобрување **на програми за неформално образование и тоа:**

**1. Cyber Security (Сајбер Безбедност).** Комисијата достави извештај и мислење за извршената проценка на квалитетот и програмата за неформално образование. Врз основа на извештајот, во зимскиот семестар 2022 се организира обука- Академијата за сајбер безбедност, каде се изучува градиво кое ги опфаќа теориските и практични вештини потребни за да стекнете знаење и сертификати за сајбер безбедноста како една од најбрзо растечките индустрии во светот со моќ за апсорпција на работна сила. Академијата е забрзана програма за обука за сајбер-безбедност која има за цел успешно да ги подготви луѓето кои имаат незначително или и немаат никакво искуство во областа на Интернет Технологиите (ИТ) за почетни работни места од областа на сајбер-безбедноста, што доведува до профитабилен развоен пат во кариерата, за која постои огромна побарувачката на пазарот. Академијата е во партнерство со ThriveDX, глобална компанија за сајбер вештини со голема посветеност на преквалификација и усовршување во сајбер-безбедноста. Американскиот универзитет на Европа – ФОН е првата високообразовна институција во регионот кој што станува регионален сертифициран центар ThriveDX. Во рамки на соработката со ThriveDX подготвени се 4 програми за неформално образование за различни целни групи, а обуката ќе биде во

времетраење зависно од обуката од 1 ден до 14 недели. Програмата за почетници, е развиена во соработка со тим од воени сајбер експерти, индустриски професионалци и едукатори со визија за создавање побезбеден дигитален. Обуката која опфаќа:

- Интерактивно и флексибилно учење од страна на врвни предавачи со инстант повратни информации
- Наставна програма заснована на Националната иницијатива за образование за сајбер безбедност (NICE)
- Пристап до тернинг училниците на нашиот партнер ThriveDX Cyber Experts за сите поставени прашања и одговори.
- Упатство за барање работа и совети за вистински чекори во градењето кариера и силна професионална биографија во областа на сајбер безбедноста.

Академија се одвива како комбинирано учење, кое комбинира учење од фасилитатор и самостојно учење. Ова е комбинација од групни сесии и индивидуално време за учење.

- Полно работно време 3 - месечен временски период. Учесниците се состануваат секојдневно пет работни дена секоја недела (пон-пет), осум часовно учење дневно (вкупно девет часа со паузи). Секој ден вклучува четири часа со фасилитатор и четири часа индивидуална онлајн работа, со дополнителни паузи.
- Скратено работно време 6 - месечен временски период. Сесии двапати неделно по четири часа со фасилитатор. Помеѓу сесиите, со јасни цели утврдени за групата од страна на фасилитаторот, студентите ќе ги завршуваат задачите користејќи ја платформата ThriveDX. Задачите на студентите ќе бараат секојдневна индивидуална работа преку Интернет (приближно 2-3 часа).

  Обука се одвива како:
    - Пролетен Bootcamp: Март – Септември
    - Есенски Bootcamp: Декември - Мај

Обуките се одвиваат online во период од 6 месеци по 20 часа неделно.

- 8 часа настава со фасилитатор поделени во две сесии од 4 часа.
- 12 дополнителни часови индивидуална онлајн работа.

2. Од летен семестар 2023/23 на универзитетот се нудат обуки за **Certified Secure Computer User (EC-Council)** Целта на програмата за обука на CSCU е да им ги обезбеди на поединците потребните знаења и вештини за заштита на нивните информациски средства. Оваа обука ќе ги научи студентите во интерактивна средина каде што ќе стекнат фундаментално разбирање за различни компјутерски и мрежни безбедносни закани, како што се кражба на идентитет, измама со кредитни картички, измами со

фишинг преку интернет, вируси и задни врати, измами за е-пошта, сексуални престапници кои демнат на интернет, загуба на доверливи информации, хакерски напади и социјален инженеринг. Уште поважно, вештините научени од часот им помагаат на слушателите да ги преземат неопходните чекори за да ја ублажат нивната безбедносна изложеност.

Уверението за сертифициран етички хакер (CEH) е најдоверливиот сертификат за етичко хакирање што го ценат работодавците ширум светот. И тоа од добри причини. Сеопфатната наставна програма ги опфаќа основите на етичкото хакирање, отпечатокот и извидувањето, скенирањето, набројувањето, заканите за ранливост, социјалниот инженеринг, SQL инјектирањето и многу повеќе. Кога успешно ќе ја постигнете CEH сертификацијата, ќе бидете опремени со секоја вештина која ви треба за да ги откриете ранливостите и да ги обезбедите системите, мрежите, апликациите, базите на податоци и критичните податоци од малициозни хакери.

Програмата за **EC-Council Certified Incident Handler (ECIH)** се фокусира на структуриран пристап за изведување на процесот на справување со инциденти и одговор (IH&R). Процесот на IH&R вклучува фази како што се справување со инциденти и подготовка за одговор, валидација и приоритизација на инцидентот, ескалација и известување инцидент, собирање и анализа на форензички докази, задржување на инцидентот, обновување на системи и искоренување на инцидентот. Овој систематски процес на справување и одговор на инциденти создава свест кај одговорните на инцидентот за тоа како да се одговори на различни видови безбедносни инциденти.

3. **Обука за анализа и обработка на податоци -** Дата аналитичарот во ерата на дигитализација е една од најбараните професии. Статистичката анализа се однесува на анализа на податоците кои се собрани со цел да се извлечат модели, да се идентификуваат трендови и да се донесат значајни заклучоци. Статистичката анализа може да се користи во ситуации како што се собирање и толкувања на истражување, статистичко моделирање или дизајнирање анкети и студии. Оваа академија на студентите ќе им помогне да ги разберат сложените сценарија и огромните податоци поврзани со нив.

**4. Обука за Финансиски аналитичар** Финансиската анализа претставува алатка која со помош на финансиските извештаи и нивното толкување ќе придонесе кон евалуација на тековното работење, идентификување на проблемите, потенцијалните можности имплементирање на идните стратегии кои водат кон остварување на профитабилност, солвентност и ликвидност. Обуката за финансиски аналитичар ќе ги оспособи слушателите врз основа на споредба на планираното и реализираното д,а извршат контрола на работењето и да утврдат мерки за негово унапредување. За време на Академијата, може да се научи како може да се зголеми профитабилноста и ефикасноста на бизнисот и да се намали изложеноста на ризик од неизвесноста во економското окружување и да ја зголемат конкурентската предност на пазарот на труд.

По завршување на обуката, слушателите ќе бидат способни да прават оценка на исплатливост на инвестициите и да одлучат дали инвестициониот проект кој сака да го преземе компанијата е оправдан од финансиска перспектива и да може да споредуваат различни можности за инвестирање.

5. **Правна клиника** и акт за организација и работа на правната клиника на Факултетот за правни и политички науки на АУЕ – ФОН, СКОПЈЕ. Правната клиника обезбедува клиничкото правно образование како интерактивен метод за едукација на студентите, кој има за цел студентите да ги обучи со практични вештини кои ќе им бидат потребни за да ја практикуваат својата идна професија компетентно, совесно и со висок професионален морал, преку методот на „учење од искуство“. Покрај клиничка работа студентите се обучуваат за вклучување во давање на бесплатна правна помош во конкретните предмети.

#### 3.5.9.1.Спроведени обуки/програми за неформално образование во периодот на известување

- **Еднодневната online обука по академско пишување** наменета за кариерен развој на студенти На 16.04.2022 година успешно се реализира еднодневната online обука по академско пишување. На истата беа пријавени студенти од сите факултети на АУЕ-ФОН Универзитетот, во која учество зедоа речиси 4о студенти. Обуката се реализираше на платформата Teams. Целта на обуката беше да им помогне на студентите кои се во завршна фаза на студии да се стекнат со знаења, вештини и способности во процесот на пријавување и подготовка на завршните академски трудови (дипломски и магистерски). Преку овој курс покрај техничките детали и правила за академско пишување, студентите имаа имаат можност да се стекнат со вештини со кои ќе го организираат и самостојно ќе ги реализираат сите постапки во научно-истражувачката работа: пребарувањето и селектитрањето на научната литература, користењето на примарните, секундарните и терцијарните извори на податоци, организирањето и структурата на пишаниот текст, процесот на неговото пишување, уредување и ревидирање. Обуката ги опфати практичните аспекти во сите фази во изработката на завршните академски трудови (дипломски и магистерски) и тоа: Избор и формулирање на темата на истражувањето; Формулирање на основните тези; Структура и елементи на идејната скица (дефинирање на истражувањето; предмет и цел на истражувањето; креирање на хипотези; примена на методи; литература); Делови на трудот (вовед, главен дел, заклучок, библиографија); - Начини на цитирање и наведување на извори во академски трудови: оксфордски стил на цитирање (Oxford Referencing System), ванкувер стил за цитирање (Vancouver Citation System), хардверски систем (The Harvard Referencing System) или АПА (APA - American Psychological AssociationAPA) стил за цитирање и наведување на извори во академските трудови.

- **Еднодневна обука: “Политичка партиципација на граѓаните и граѓанските организации“.** Еднодневна обука која ги опфати основните поимања на политичката партиципативност, јавна политика и видови на политичка култура, и начините преку кои граѓаните и граѓанските организации можат да делуваат на локално и централно ниво во рамките на политичкиот систем на Северна Република Македонија. Кои се механизмите преку кои можат да се создаваат граѓански иницијативи, да се организираат активности, предлози и промени на одлуки на локално и централно ниво. Што подразбира ПВР (Проценка на влијание на регулатива), на кој начин може граѓанските организации да учествуваат директно во креирање на јавните политики? Целта на оваа обука е запознавање со партиципативната политичка култура и нејзините механизми. Во ораганизација на: доц.д-р Јасмина Трајковска, и претставник од Институтот за демократија.

- **Обука за Сајбер безбедност**- обуката на првата генерација експерти за сајбер безбедност во Македонија- Bootcampot којшто беше организиран заедно во соработка со ThriveDx траеше 6 месеци, по што секој апликант по завршувањето на обуката добива меѓународно признат сертификат, кој што нема временско ограничување. Првата група на слушатели на обуката за сајбер безбедност го комплетираше курсот кој предвидува 480 часа теориски и практични активности. Со стекнатото практично и теориско знаење и вештини со овој Bootcamp, слушателите се квалификуваат за 5 различни професионални улоги во сајбер безбедноста усогласени со NICE работната рамка и NIST специјалната публикација 800-181 како што се: специјалист за мрежни операции, специјалист за справување со сајбер инциденти, форензички сајбер аналитичар, аналитичар во сајбер безбедност и специјалист за сајбер инфраструктура. „Академијата за сајбер безбедност на АУЕ – ФОН овозможува обука на професионалци кои ќе бидат подготвени за превенција и решавање на опасностите во дигиталниот свет, со цел да обезбедат заштита на податоците на компаниите и нивните корисници. Како дел од неформалното образование на АУЕ – ФОН, целта на Академијата за сајбер безбедност е да ги подготви поединците за транзиција во нова и возбудлива кариера во сајбер безбедноста

## 4. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО И СЕРВИСИ

Имајќи ги предвид измените на Законот за високото образование, специфично одредбите од Оддел 2 организирање на студентите и учество на студентите во управувањето, а во смисла на членот 33 (1) според кој „Студентските собранија се тела на високообразовните установи, во кои членуваат претставници на студентите“, согласно постапката утврдена во член 37 ЗВО, во периодот на известување, за прв пат, на АУЕ ФОН се одржаа избори за формирање на Универзитетско студентско собрание и Факултетски студентски собранија во рамките на нашиот Универзитет кои претставуваат главниот мост помеѓу Универзитетската управа и студентите, а истовремено се платформа за заштита и унапредување на правата на студентите.

Во согласно резултатите од изборите за членови на факултетските студентски собранија и нивни претседатели, се формираше Универзитетското студентско собрание и претставници на студентите учествуваа во работата на органите и телата на Универзитетот.

На 06 ноември 2023, на сите единици на Универзитетот се донесоа одлуки за распишување избори за Факултетски студентски собранија одржување на изборите во законски определениот рок. Изборите се одржаа на 05 декември 23, со штоимплементираа обврските за студентското организирање согласно ЗВО .

## 5. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во јануари 2022 на Универзитетско ниво беше назначен универзитетски координатор за наука и меѓународна соработка. Во рамките на неговите надлежности, беа спроведени

активности за етаблирање на научо истражувачка соработка со партнерските универзитети, а во насока на котристење на истражувачки фондови и грантови, особено во рамки на на ЕУ Хоризонт програмата. АУЕ ФОН, се јави во улога на коорганизатор на VIII меѓународна конференција организирана од страна на Факултетот за применет менаџмент, економија и финансии од Белград, при Универзитетот Деловна академија од Нови Сад (VIII International Scientific Conference “Innovation as the Initiator of Development” – MEFkon 2022), која се одржа на 1-ви декември 2022 година. АУЕ ФОН со свои тројца професори се јавија во улог на членови на Нучниот одбор на конференцијата.

Во периодот на известување, од програмата Еразмус плус КА203 АУЕ ФОН етаблираше и спроведуваше проект за Стратешко партнерство за трансдисциплинарни балкански студии: геофилозофија на Балканот (ГеоБалканс). Проектот е во времетраење од 3 години (2020 – 2023) и има за цел да ја развие и зајакне основата на локалната и регионалната академија што ќе поттикне поголема толеранција, помирување и демократизација на Балканот. Соединувајќи партнери од С. Македонија, Србија, Грција и Италија и обраќајќи им се на идните студенти од регионот и пошироко, проектот промовира иницијативи за надминување на националистичките политички дискурси и меѓудржавните спорови, поттикнувајќи меѓукултурен дијалог и нови, критички пристапи кон културното и политичкото наследство на регионот. Клучна цел на проектот е: дизајн, развој и воспоставување на интегрирани, транс-балкански и транс-европски последипломски и докторски студии кои ќе ги спојат најдобрите европски практики во изучувањето на именуваните области, поддржани преку врвни трансдисциплинарни методологии и соработка во општествените, хуманистичките и природните науки. ГеоБалканс е адресиран до:

1. Студенти, истражувачи и експерти во општествени науки и хуманистиката
2. Цивилното општество кое се занимава со социјалната, политичката и културната динамика во регионот
3. Креаторите на јавни политики и вработените во јавната администрицаја.

АУЕ ФОН е водечки партнер во проектот кој е сочинет од конзорциум од пет европски универзитети. Покрај АУЕ ФОН, учесници се и Универзитетот СИНГИДУНУМ од Белград, Србија, Универзитетот ПАНТЕОН, Грција, Универзитетот ОРИЕНТАЛЕ од Неапол, Италија и Универзитетот ВЕРОНА од Верона, Италија. Реализацијата на сите активности предвидени во проектната документација се планира да заврши до 30 ноември 2023 година.

На ниво на единици на универзитетот се води евиденција за научно истражувачката работа на наставниот кадар, а деталèн преглед на податоци и информациите за издавачка дејност и покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала, учество на конференции, научни собири и семинари, организирани научни собири се содржани во извештаите за работа на едионициите на универзитетот за периодот на известување.

Во својот буџет, Универзитетот нема издвоено ставка за научно истражувачка работа.

Во споработка со ВЗУФ од Софија, во ноември 2023 е формиран проекен конзорциум за изработка на проектна апликација за HORIZON EUROPE PROGRAMME MSCA

DOCTORAL NETWORKS 2023. Процесот на аплицирање е во тек до моментот на поднесување на овој извештај .

## 6. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Детален преглед на податоци и информациите за издавачка дејност и покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала, Учество на конференции, научни собири и семинари, организирани научни собири се содржани во извештаите за работа на едиониците на универзитетот за периодот на известување.
Информацијата за задолжителната и дополнителната литература се наоѓа во прилог на предметните програми. Истата е обезбедена со набавка на примероци од страна на библиотеката на АУЕ - ФОН, согласно член 8 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, односно по (10%) примероци за задолжителната литератува и (5%) за доплонителната литература. Литературата која се користи е достапна и електронски во Киндл верзија. Воедно, студентите можат да ги користат и електронските изданија од отворени извори кои се достапни на системот за е-учење.
Во периодот на известување универзитетот извои 620.000 денари за набавка на 5000 нови наслови за Универзитетската библиотека.

## 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Политиката, визијата, мисијата, целите, и принципите за меѓународна соработка и интернационализација е прашање регулирано на ниво на Универзитет, такашто за политиката и стратегија за меѓународна соработка и интернационализација се одлучува централизирано. Универзитетот ги спроведува своите активности во согласност со Болоњската декларација, а во високо образовната дејност го имплементите Европски Кредит Трансфер Систем. Во своето постоење има скучено бројни договори за меѓународна соработка и членува во две меѓународни асоцијации на Универзитети.
